У-5.бр.1298/2021

## ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на советот, Виолета Богојеска и Билјана Никодиновска Петровска - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение,, решавајќи по тужбата на тужителот КОНСТРУКТОР ДОО – Скопје, поднесена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-774/6 од 21.07.2021 година, за јавна набавка, по одржаната јавна усна расправа во присуство на полномошникот на тужителот - адвокат Томе Пулејков од Скопје и во присуство на Зоран Трајановски, дипломиран правник со положен правосуден испит, вработен кај тужениот орган и управителот на заинтересирано лице АК-ИНВЕСТ ДООЕЛ с.Фалише Тетово Агрон Нухиу од Тетово, на ден 12.11.2021 година донесе:

I

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот КОНСТРУКТОР ДОО – Скопје, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-774/6 од 21.07.2021 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА

II

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоците по постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

### О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение бр.08-774/6 од 21.07.2021 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата на сега тужителот КОНСТРУКТОР ДОО – Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда од 01.07.2021 година донесена по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.06947/2021 за набавка на работи – изградба на фекален колектор, фекална канализација и атмосферска канализација за Урбан Блок 21 во Гостивар, на договорниот орган Министерство за животна средина и просторно планирање, со која одлука бил извршен избор на најповолна понуда согласно условите и критериумите наведени во Огласот и Тендерската документација.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-774/6 од 21.07.2021 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради повреда на одредбите за постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека понудата на членот од Групата на понудувачи – САНДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО – Скопје целосно ги исполнувала критериумите за исполнување на техничка и професионална способност, односно кон понудата биле доставени докази за минимум двајца инжињери и тоа еден со овластување А за изведба и еден со

овластување Б за изведба, додека од друга страна пак тужениот орган во оспореното решение паушално констатирал дека САНДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО – Скопје не го исполнува целосно предвидениот услов во делот на техничката и професионална способност, без притоа да наведе кој е тој услов дефиниран во Тендерската документација кој не бил исполнет. Дополни и дека е точен фактот да во договорот за групна понуда е наведено дека САНДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО – Скопје ќе изведува незначителен дел од градежните работи, но никаде во Тендерската документација договорниот орган не појаснил како групите на економски оператори ќе ги исполнат посебно условите за утврдување на техничката и професионална способност.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение.

Судот постапи согласно членот 23 од Законот за управните спорови со Известување – Покана за јавна расправа У-5.бр.1298/2021 од 19.10.2021 година го повика економскиот оператор – АК-ИНВЕСТ ДООЕЛ – Тетово како заинтересирано лице, заради учество на јавна расправа по предметот заведен под У-5.бр.1298/2021 оформен по тужба од тужителот КОНСТРУКТОР ДОО – Скопје против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-774/6 од 21.07.2021 година, да се јави во Судот на 12.11.2021 година со цел да ги достави сите исправи кои служат како докази или треба да се разгледаат во Судот.

Јавната расправа закажана за 12.11.2021 година се одржа во присуство на полномошникот на тужителот, на претставникот на тужениот и полномошникот на заинтересираното лице.

На одржаната јавна расправа, полномошникот на тужителот наведе дека останува во се како во тужбата и тужбеното барање со предлог судот по одржување на јавната расправа тужбата да ја усвои и да го поништи оспореното решение донесено од тужениот орган. Во поглед на наводите истакнати во одговорот на тужбата, наведе дека со истите тужениот не истакнува нови факти различни од оние содржани во утуженото решение, па од тие причини како што е наведено во тужбата, смета дека истите во целост се неосновани, со предлог Судот да го усвои тужбеното барање. Предјави трошоци по постапката за што ќе достави писмен трошковник.

Претставникот на тужениот орган наведе дека останува во се како што е наведено во одговорот на тужбата, односно Државната комисија за жалби по јавни набавки неспорно утврдила дека економскиот оператор кој што ќе ги извршува изведбените работи не ги исполнува условите во врска со образовните и стручните квалификации или релеватно стручно искуство и од тие причини договорниот орган, правилно утврдил дека понудата на групата понудвачи не е прифатлива. Предложи тужбата во целост да биде одбиена како неоснована.

Управителот на заинтересираното лице наведе дека не му било познато зошто бил поканет на денешната расправа, наведувајќи дека истите се компанија која врши изведебени градежни работи, конкурирале на тендер и биле избрани како најповолен понудувач. Од нивна страна биле извршени сите обврски по склучениот договор, и издадена чинидбена банкарска гаранција кон договорниот орган, а со записник биле воведени во работа и тече рокот за изведба. Предложи

да се одбие тужбата како неоснована

Во доказната постапка Судот на главната расправа ги изведе следните докази: Решение Број 08-774/6 од 21.07.2021 година Државна комисија за жалби по јавни набавки, Одлука за избор на најповолна понуда на Министерство за животна средина и просторно планирање, Известување за доделување на договор за јавна набавка доставено до КОНСТРУКТОР ДОО Скопје, Жалба Бр.03/331 од 09.07.2021 година од КОНСТРУКТОР ДОО Скопје, одговор на тужба Бр.08-744/18 од 15.10.2021 година и увид во досие на постапката во ЕСЈН (Електронски систем за јавни набавки) по оглас за јавна набавка со отворена постапка бр. 06947/2021 за набавка на работи-Изградба на фекален колектор, фекална канализација и атмосферка канализација за Урбан блок 21 во Гостивар на договорниот орган Министерство за животна средина и просторно планирање.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Министерство за животна средина и просторно планирање спровел постапка за јавна набавка со објавен Оглас за јавна набавка со Отворена постапка бр.06947/2021 за набавка на работи – изградба на фекален колектор, фекална канализација и атмосферска канализација за Урбан Блок 21 во Гостивар, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка од 23.04.2021 година. Набавката била неделива, а постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН и било предвидено да заврши со спроведување на Е – Аукција како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор била предвидена економски најповолната понуда врз основа на цената, а од понудувачите било побарано да достават Гаранција на понудата од 3% и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 10%. Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите – 26.05.2021 година пристигнале вкупно девет понуди кои биле отворени од страна на Комисијата при договорниот орган, за што бил составен и Записник од отварањето на понудите од 26.05.2021 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите, прифатливите понуди биле поканети на спроведување на Е-аукција за соодветните делови, па врз основа на електронски генерираните извештаи за текот на Е-аукцијата, како и Извештајот од спроведена постапка од 21.06.2021 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор АК-ИНВЕСТ ДООЕЛ – Тетово, по што ваквиот предлог бил прифатен и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда од 01.07.2021 година.

Против оваа одлука, економскиот оператор – сега тужителот КОНСТРУКТОР ДОО – Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.08-774/6 од 21.07.2021 година ја

одбила како неоснована, констатирајќи дека договорниот орган евалуацијата на прифатливите понуди ја извршил согласно критериумите и условите за доделување на договорот утврдени во Огласот и Тендерската документација.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 92 ставови 1 и 2 од Законот за јавните набавки, договорниот орган може да утврди минимални услови со кои ќе се увери дека економските оператори ги имаат потребните човечки и технички ресурси за квалитетно извршување на договорот, а може да бара од економските оператори да имаат доволно искуство, кое ќе го докажат со соодветни препораки од претходни набавки.

Согласно членот 96 став 2 од Законот за јавните набавки, економскиот оператор може во постапката за јавна набавка да ја користи способностана друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност.

Согласно членот 106 ставови 3 и 4 од Законот за јавните набавки, договорниот орган во тендерската документација може да појасни како групните економски оператори ќе ги исполнат условите за утврдување на економската и финансиска состојба или техничката и професионална способност, доколку е тоа сразмерно и оправдано од објективни причини. Условите за извршување на договорот за јавна набавка кои мора да ги исполнуваат групите економски оператори, а кои се различни од оние што важат за поединечните учесници во постапката за јавна набавка, мора да бидат сразмерни и оправдани од објективни причини.

Согласно членот 109 став 7 в.в. став 6 од Законот за јавните набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација, така што неприфатливите понуди нема да бидат евалуирани.

Согласно членот 105 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога со оспореното решение ја одбил како неоснована жалбата на економскиот оператор КОНСТРУКТОР ДОО – Скопје, констатирајќи дека договорниот орган евалуацијата на прифатливите понуди ја извршил согласно критериумите и условите за доделување на договорот утврдени во Огласот и Тендерската документација, додека известувањата на кандидатите и понудувачите биле согласно членот 113 од Законот за јавните набавки.

Горе наведеното како резултат на фактот што имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба во предметот, а согласно приложените материјални докази, Судот констатира дека понудата на САНДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО – Скопје како член на Групата понудувачи заедно со КОНСТРУКТОР ДОО – Скопје, не го исполнила целосно предвидениот услов во точката 5.3.3.1 од Тендерската документација, во поглед на техничката и професионална способност, односно бараните услови во наведената точка треба да ги исполнува оној субјект (член на групата) кој ќе ги изведува работите или обезбедува услугите и тоа за оној дел или целиот предмет на набавка, за кој се бара таквата способност, а кој факт од договорот за групна понуда не било јасно видливо. Овој факт, односно начинот на исполнување на условите за техничката и професионална способност бил јасно дефиниран во Тендерската документација со доволно дадени информации за секој дел посебно, така што секој економски оператор бил информиран за тоа.

Во делот на известување на кандидатите и понудувачите, Судот смета дека сега тужителот бил известен за причините на отфрлањето на неговата понуда, согласно членот 113 став 4 од Законот за јавните набавки, односно договорниот орган јасно навел во кој дел тужтелот како учесник во постапката за избор на најповолна понуда не го исполнил целосно условот предвиден во точката 5.3.3.1 од Тендерската документација.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но истите ги одби како неосновани, односно без влијание врз конечниот резултат, а од причини наведени во образложението на одлуката.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Судот одлучи како во изреката од решението, односно барањето за надомест на трошоците во постапка на тужителот го одби како неосновано, согласно членот 86 од Законот за управни спорови, имајќи го предвид успехот во спорот.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 12.11.2021 година под У-5.бр.1298/2021

Записничар – раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на советот – Судија
Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
- тужител, полномошник,
- тужен орган
- заинтересирано лице,

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ВТ /

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник
1